

# БАРОМЕТАР НА ВЕБ-ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2020

Центар за
Управување со
Промени

**Издавач:** Центар за управување со промени

**За издавачот:**
Неда Малеска-Сачмароска, Центар за управување со промени

**Автор:**
Мартин Тодевски

**Истражувачи:**
Кристина Илиевска, Ана Јанкулоска, Фросина Михајловска, Андриана Илиевска

# СОДРЖИНА

1. Вовед.......... 4

2. Методологија на истражување .......... 5

3. Резултати на истражувањето .......... 6

Прилог 1 - Листа на индикаторите за веб-транспарентност.......... 11

Прилог 2 - Листа на рангирање по индексот на веб-транспарентност.......... 14

# 1. ВОВЕД

Интернетот како медиум сѐ повеќе добива примарно значење кај граѓаните во начинот на добивање информации, следствено на што граѓаните очекуваат да добијат повеќе дигитални информации и услуги и од институциите од јавниот сектор.

Со процесот на децентрализација, единиците на локална самоуправа (ЕЛС) добиваат широки надлежности согласно Законот за локална самоуправа, а со тоа и обврски да прибираат и чуваат податоци и информации од различни области, како што се: образование, спорт, култура, урбанизам, животна средина, локален економски развој итн.

Центарот за управување со промени во изминатиот период континуирано ги следи веб-страниците на единиците на локална самоуправа со цел да го утврди нивото на проактивна транспарентност преку интернет, односно нивото на објавување информации во сите области кои ги рефлектираат надлежностите на општините.

„Барометарот на веб-транспарентност“ ги рангира ЕЛС според нивото на проактивна транспарентност, во рамки на дефинирана рамка на индикатори. Индикаторите се составен дел на „Стандардите за е-транспарентност на единиците на локална самоуправа“[1], како дел од проектот „Граѓанинот на прво место“, финансиран од Европската Унија.

Истражувањето е спроведено во периодот **февруари – март 2020 година**, додека вакво истражување беше спроведено од Центарот за управување со промени и во 2016 година и 2018 година.

[1] https://cup.org.mk/publications/Standardi%20za%20e-transparentnost_MK.pdf

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За добивање на резултатите во рамки на „Барометарот на веб-транспарентност" се врши анализа на веб-страниците на сите ЕЛС од аспект на тоа дали одредени информации се објавени на веб-страниците и во која мера.

Листата на информации која се проверува е всушност листа на индикатори во различни области на надлежности на единиците на локална самоуправа[2].

Листата на вкупно **78 индикатори** е составена опфаќајќи ги:

- информациите кои се обврска да се објавуваат согласно релевантната законска рамка со која се уредува транспарентноста и информираноста на граѓаните;
- податоците и информациите кои ЕЛС се обврзани да ги прибираат или да ги чуваат во регистри и бази на податоци согласно различни материјални закони;
- информации за кои граѓаните истакнале дека им се потребни преку претходно спроведено теренско истражување.

Индикаторите се групирани по соодветни области: финансии, совет, услуги, образование, култура, спорт, животна средина, локален економски развој, урбанизам, комунални дејности, социјална заштита, детски градинки и домови за стари лица.

Индексот на веб-транспарентност на одредена ЕЛС се добива како просек од резултатите од сите 78 индикатори. Вкупниот индекс на веб-транспарентност на сите ЕЛС заедно е добиен како просек на индексите на веб-транспарентност на поединечните ЕЛС.

[2] Листата на индикатори е прикажана во Прилог бр.1.

# 3. РЕЗУЛТАТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во 2020 година барометарот на веб-транспарентност на општините е утврден на просечно ниво од 23,92% (графикон 1).

### Графикон 1 - Индекс на веб-транспарентност на општините




Највисок индекс на веб-транспарентност има **општина Велес** (53,85%), додека најнизок општина Пласница (1,28%). Во периодот на анализата, општините Зелениково, Липково, Сопиште, Студеничани и Центар Жупа немале веб-страница, или во тој период не функционирала, и затоа за нив индексот е прикажан со резултат од 0%.[3]

[3] Листата на рангирање на општините е прикажана во Прилог бр.2.

### Графикон 2 - Општини со највисок индекс на веб-транспарентност во 2020 год.




Истражувањето покажа дека најмногу се објавуваат **службени гласила (75,64%)**, потоа: усвоен буџет (73,46%), статут (70,51%), информации за службеното лице за информации од јавен карактер (64,10%) и листа на информации од јавен карактер (58,97%).

Во продолжение е прикажан процентот на објавување информации на веб-страниците на општините за одредени индикатори по области.[4]



**Финансиско работење**

- Усвоен буџет 73,46%
- Завршна сметка 58,02%
- План за јавни набавки 50,62%
- Предлог буџет 40,12%
- Квартални и годишни финансиски извештаи 37,04%
- Финансиски извештаи на јавните претпријатија и установи основани од општината 24,69%
- Извештај од Државниот завод за ревизија 17,90%
- Програмски финансиски извештаи 17,28%

[4] Резултатите за сите индикатори се прикажани во Прилог бр.1.



### Работа на советот и администрацијата

- Службени гласила 75,64%
- Статут на општината 70,51%
- Информации за службеното лице за информации од јавен каркатер 64,10%
- Листа на информации од јавен карактер 58,97%
- Администрација – организација и контакти 52,56%
- Информации за членовите на Советот 52,56%
- Информации за седниците на советот 44,87%



### Услуги

- Формулари / обрасциј на услугата 58,97%%
- Листа на услуги кои се обезбедуваат 26,92%
- Упатства 23,08%



### Локален економски развој

- Стратегија / Програма за локален економски развој 42,31%
- Листа на туристички дејности од мал обем 16,67%
- Листа на угостителски дејности од мал обем 8,97%
- Листа на трговски дејности од мал обем 3,85%



### Култура

- Објекти од областа на културата на територијата на општината 30,77%
- Споменици и спомен обележја на територијата на општината 28,21%
- Стратегија / Програма за култура 16,67%



### Образование

- Основни училишта на територијата на општината 56,41%
- Средни училишта на територијата на општината 39,74%
- Стратегија / Програма за образование 10,26%



### Спорт

- Спортски објекти на територијата на општината 25,64%



### Урбанизам

- Усвоени урбанистички планови 42,31%
- Предлог-урбанистички планови 33,33%
- Годишен извештај за издадени одобренија за градба 6,41%
- Објекти со сертификат за енергетски карактеристики 0%



### Детски градинки / домови за стари лица

- Детски градинки на територијата на општината 39,47%
- Домови за стари лица на територијата на општината 1,28%



### Проекти на општината

- Проекти на општината (реализирани и во фаза на реализација) 52,56%



### Животна средина

- Доделени Б-интегрирани еколошки дозволи 11,54%
- Загадувачки супстанции 5,13%
- Катастар на животната средина 1,28%
- Катастар на создавачите на отпад 0%
- Собирни центри за електрична и електронска опрема 0%

Ниту една општина не објавува структурирани податочни сетови во форма на отворени податоци.

На графиконот 3 е прикажана веб-транспарентноста по области кои ги рефлектираат надлежностите и работата на ЕЛС.

### Графикон 3 - Веб-транспарентност по области



# ПРИЛОГ 1 - ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИТЕ ЗА ВЕБ-ТРАНСПАРЕНТНОСТ СО РЕЗУЛТАТИ

| Р. бр. | Информација | Објавена | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Делумно | Не |
| 1 | Статут на општината | 70,51% | 0,00% | 29,49% |
| 2 | Службени гласила | 75,64% | 0,00% | 24,36% |
| 3 | Информации за членовите на советот со контакти | 52,56% | 19,23% | 28,21% |
| 4 | Информации за седниците на советот (дневен ред, записници и одлуки) | 44,87% | 8,97% | 46,15% |
| 5 | Деловник за работа на советот | 50,00% | 0,00% | 50,00% |
| 6 | Комисии на советот | 51,28% | 0,00% | 48,72% |
| 7 | Администрација – организација и контакти | 52,56% | 8,97% | 38,46% |
| 8 | Систематизација на работните места | 52,56% | 0,00% | 47,44% |
| 9 | Одговорно лице за полесен пристап и поддршка на лицата со попреченост (со контакт) | 11,54% | 0,00% | 88,46% |
| 10 | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | 64,10% | 0,00% | 35,90% |
| 11 | Листа на информации од јавен карактер | 58,97% | 0,00% | 41,03% |
| 12 | Предлог-буџет | 41,03% | 1,28% | 57,69% |
| 13 | Усвоен буџет | 74,36% | 3,85% | 21,79% |
| 14 | Граѓански буџет | 5,13% | 0,00% | 94,87% |
| 15 | Завршна сметка | 56,41% | 7,69% | 35,90% |
| 16 | Квартални и годишни финансиски извештаи | 34,62% | 7,69% | 57,69% |
| 17 | Програмски финансиски извештаи | 16,67% | 2,56% | 80,77% |
| 18 | План за јавни набавки | 51,28% | 2,56% | 46,15% |
| 19 | Извештај за реализација на јавните набавки | 33,33% | 1,28% | 65,38% |
| 20 | Извештај на Државниот завод за ревизија | 17,95% | 1,28% | 80,77% |
| 21 | Јавни претпријатија (линк, контакт, цени на услуги) | 46,15% | 10,26% | 43,59% |
| 22 | Финансиски извештаи на јавните претпријатија и установите | 23,08% | 5,13% | 71,79% |
| 23 | Недвижен имот во сопственост на општината | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 24 | Движен имот во сопственост на општината | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 25 | Регистар на граѓански организации | 17,95% | 1,28% | 80,77% |
| 26 | Информации за финансирање граѓански организации | 7,69% | 7,69% | 84,62% |
| 27 | Информации за урбаните и месните заедници | 34,62% | 2,56% | 62,82% |
| 28 | Предлог плански документи | 3,85% | 0,00% | 96,15% |
| 29 | Усвоени плански документи | 10,26% | 1,28% | 88,46% |
| 30 | Листа на услуги кои ги обезбедува општината | 26,92% | 3,85% | 69,23% |
| 31 | Формулари/обрасци за услугата | 58,97% | 5,13% | 35,90% |
| 32 | Упатства за обезбедување на услугите | 23,08% | 3,85% | 73,08% |

| Р. бр. | Информација | Објавена | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Делумно | Не |
| 33 | Стратегија / Програма за локален економски развој | 42,31% | 3,85% | 53,85% |
| 34 | Листа на трговски дејности од мал обем | 3,85% | 1,28% | 94,87% |
| 35 | Листа на угостителски дејности од мал обем | 8,97% | 1,28% | 89,74% |
| 36 | Листа на туристички дејности од мал обем | 16,67% | 0,00% | 83,33% |
| 37 | Листа на услуги во селски, етно и еколошки туризам | 10,26% | 0,00% | 89,74% |
| 38 | Индустриски зони на територијата на општината | 5,13% | 0,00% | 94,87% |
| 39 | Структура на работна сила во општината | 34,62% | 0,00% | 65,38% |
| 40 | Стратегија / Програма за животна средина | 17,95% | 2,56% | 79,49% |
| 41 | Стапка на производството на отпад | 3,85% | 0,00% | 96,15% |
| 42 | Загадувачки супстанции | 5,13% | 2,56% | 92,31% |
| 43 | Катастар на животната средина | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 44 | Загадувачи | 5,13% | 0,00% | 94,87% |
| 45 | Доделени Б-интегрирани еколошки дозволи | 11,54% | 0,00% | 88,46% |
| 46 | Катастар на создавачите на бучава | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 47 | Катастар на создавачите на отпад | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 48 | Собирни центри за електрична и електронска опрема | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 49 | Превозници и моторни возила регистрирани за вршење превоз на патници и стока во патниот сообраќај | 7,69% | 1,28% | 91,03% |
| 50 | Пазари на територијата на општината | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 51 | Депонии на територијата на општината | 2,56% | 5,13% | 92,31% |
| 52 | Паркинзи на територијата на општината | 3,85% | 0,00% | 96,15% |
| 53 | Квартални извештаи за извршен инспекциски надзор | 6,41% | 0,00% | 93,59% |
| 54 | Издадени лиценци за отстранување на оштетените возила и возилата во дефект | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 55 | Стратегија / Програма за култура | 16,67% | 0,00% | 82,05% |
| 56 | Споменици и спомен-обележја на територијата на општината | 28,21% | 0,00% | 71,79% |
| 57 | Музејска евиденција и документација | 7,69% | 0,00% | 92,31% |
| 58 | Објекти од областа на културата на територијата на општината | 30,77% | 1,28% | 67,95% |
| 59 | Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја | 12,82% | 1,28% | 85,90% |
| 60 | Стратегија / Програма за образование | 10,26% | 1,28% | 88,46% |
| 61 | Основни училишта во општината (јавни и приватни) | 56,41% | 3,85% | 39,74% |
| 62 | Средни училишта (општински, државни и приватни) | 39,74% | 2,56% | 57,69% |

| Р. бр. | Информација | Објавена | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Делумно | Не |
| 63 | Број на корисници и вид на социјална помош од буџетот на општината | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 64 | Установи за социјална заштита на различни категории на граѓани | 8,97% | 0,00% | 91,03% |
| 65 | Спортски објекти на територијата на општината | 25,64% | 0,00% | 74,36% |
| 66 | Преглед на улици со броеви на објекти | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 67 | Предлог урбанистички планови на територија на општината (ГУП и ДУП-ови) | 33,33% | 0,00% | 66,67% |
| 68 | Усвоени урбанистички планови на територија на општината (ГУП и ДУП-ови) | 42,31% | 3,85% | 53,85% |
| 69 | Годишен извештај за издадени одобренија за градба | 6,41% | 0,00% | 93,59% |
| 70 | Користење градежно земјиште заради спроведување постапки за концесија или јавно приватно партнерство | 7,69% | 0,00% | 92,31% |
| 71 | Поднесени барања за легализација и легализирани објекти | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 72 | Објекти со сертификат за енергетски карактеристики | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 73 | Детски градинки (јавни и приватни)на територијата на општината | 39,74% | 1,28% | 58,97% |
| 74 | Домови за стари лица (јавни и приватни) на територијата на општината | 1,28% | 0,00% | 98,72% |
| 75 | Јавни институции основани од општината со пристап за лицата со попреченост | 6,41% | 0,00% | 93,59% |
| 76 | Проекти на општината (реализирани и во фаза на реализација) | 52,56% | 11,54% | 35,90% |
| 77 | Отворени податоци | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| 78 | Онлајн алатка за комуникација / консултација со граѓаните | 74,36% | 0,00% | 25,64% |

# ПРИЛОГ 2 - ЛИСТА НА РАНГИРАЊЕ ПО ИНДЕКСОТ НА ВЕБ-ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Велес | 53,85% | 42 | Демир Капија | 24,36% |
| 2 | Битола | 53,21% | 43 | Кривогаштани | 24,36% |
| 3 | Свети Николе | 50,00% | 44 | Ресен | 23,72% |
| 4 | Крива Паланка | 46,15% | 45 | Македонска Каменица | 23,72% |
| 5 | Кавадарци | 45,51% | 46 | Струга | 23,08% |
| 6 | Куманово | 44,87% | 47 | Маврово Ростуше | 22,44% |
| 7 | Струмица | 43,59% | 48 | Македонски Брод | 20,51% |
| 8 | Охрид | 42,31% | 49 | Кичево | 19,87% |
| 9 | Делчево | 41,67% | 50 | Валандово | 18,59% |
| 10 | Град Скопје | 41,03% | 51 | Градско | 18,59% |
| 11 | Штип | 40,38% | 52 | Могила | 18,59% |
| 12 | Илинден | 38,46% | 53 | Новаци | 17,95% |
| 13 | Аеродром | 38,46% | 54 | Шуто Оризари | 17,31% |
| 14 | Демир Хисар | 37,82% | 55 | Неготино | 16,67% |
| 15 | Карпош | 36,54% | 56 | Вевчани | 16,67% |
| 16 | Кисела Вода | 35,26% | 57 | Богданци | 16,03% |
| 17 | Зрновци | 34,62% | 58 | Чаир | 15,38% |
| 18 | Кратово | 34,62% | 59 | Босилово | 14,10% |
| 19 | Ново Село | 34,62% | 60 | Јегуновце | 14,10% |
| 20 | Виница | 33,97% | 61 | Боговиње | 12,82% |
| 21 | Берово | 32,69% | 62 | Конче | 12,82% |
| 22 | Дебрца | 32,69% | 63 | Чучер Сандево | 12,82% |
| 23 | Кочани | 32,69% | 64 | Сарај | 12,18% |
| 24 | Пробиштип | 32,05% | 65 | Росоман | 11,54% |
| 25 | Чашка | 32,05% | 66 | Желино | 10,26% |
| 26 | Гевгелија | 31,41% | 67 | Ранковце | 8,33% |
| 27 | Брвеница | 30,77% | 68 | Дојран | 7,69% |
| 28 | Долнени | 30,13% | 69 | Теарце | 7,05% |
| 29 | Карбинци | 29,49% | 70 | Арачиново | 6,41% |
| 30 | Радовиш | 29,49% | 71 | Старо Нагоричане | 6,41% |
| 31 | Крушево | 28,85% | 72 | Врапчиште | 5,77% |
| 32 | Пехчево | 28,21% | 73 | Петровец | 5,77% |
| 33 | Тетово | 28,21% | 74 | Бутел | 5,77% |
| 34 | Ѓорче Петров | 28,21% | 75 | Лозово | 5,13% |
| 35 | Центар | 27,56% | 76 | Пласница | 1,28% |
| 36 | Василево | 26,92% | 77 | Зелениково | 0,00% |
| 37 | Гостивар | 26,92% | 78 | Липково | 0,00% |
| 38 | Гази Баба | 26,92% | 79 | Сопиште | 0,00% |
| 39 | Дебар | 26,28% | 80 | Студеничани | 0,00% |
| 40 | Чешиново-Облешево | 25,64% | 81 | Центар Жупа | 0,00% |
| 41 | Прилеп | 25,00% | | | |

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

**Центар за управување со промени**
ул. „Рајко Жинзифов“ бр. 44-1, Скопје
тел.: +389 (0) 2 6092-216
е-пошта: info@cup.org.mk
веб-страница: www.cup.org.mk